Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-752/1 од 18 април 2024 година за промена на категорија на приклучок на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги ИМИЏ-ПЛУС ДОО Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр. 39, Бутел, Скопје, со ЕДБ: 4030992219239 и тоа:
   – место на потрошувачка: 104101694000
   – адреса на мерно место: ул. Хасан Приштина, Скопје
   – постоечка категорија на приклучок: LV2
   – нова категорија на приклучок: LV1.2
   – напонско ниво на мерење: низок напон
   – локација на мерење: низок напон.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93, став (3), точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на Друштвото за производство, трговија и услуги ИМИЏ-ПЛУС ДОО Скопје, и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, на 18 април 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги ИМИЏ-ПЛУС ДОО Скопје, со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр. 39, Бутел, Скопје, бр.09-948/1 од 9 април 2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-753/1 од 18 април 2024 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на Друштвото за производство, трговија и услуги ИМИЏ-ПЛУС ДОО Скопје, со место на потрошувачка: 104101694000 и адреса на мерно место: ул. Хасан Приштина, Скопје. Барањето е поднесено затоа што Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, планира да го дислоцира мерното место коешто се наоѓа во објектот на корисникот на постоечка ТС на самостоен извод наменет само за корисникот. Со оглед дека постоечката категорија на приклучокот е LV2, потребно е да се промени категоријата на приклучок во LV 1.2.

Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/20, 159/22 и 270/23) согласно кој во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици СН/НН, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-753/2**
**29 април 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**